ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

**Дата: 22.01.2014**

# СООПШТЕНИЕ

## За реализирана работна средба на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова со Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова и нејзиниот тим одржаа прва работна средба во 2014 година со претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Драги Аргировски, со претседатолот на комисијата за здравство во Сојузот на пензионери Стојан Стефановски и со членот на УО на ФЗОМ – престставник од Сојузот на пензионери на Македонија Илија Глигоров.





Тема на разговор на оваа средба беше утврдување на потребите на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, нивните идните планови и прецизирање на соработката со Фондот за здравствено осигурување во 2014 година. Претставниците на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија информираше за тоа кои теми се од посебен интерес за пензионерите, лекови без доплата на товар на Фондот, проектот за електронска здравствена картичка и превенцијата како нов голем проект на Фондот.

Вземно се утврди дека од огромна корист на членовите на Сојузот на пензионери ќе биде да се организираат едукативни работилници со едукатори од Фондот под наслов „Фондот за здравствено осигурување на услуга на пензионерите“. Овие едукативни работилни се планира да се одржуваат на територијата на цела Македонија во текот на цела 2014 година. Рапоредот и форматот на овие едукативни работилници ќе биде наскоро утврден и усогласен помеѓу Фондот и Сојузот на пензионери и сите заинтересирани ќе бидат навремено информирани за времето и местото на одржување на едукативните работилници за пензионерите.

Фондот продолжува со практиката да остварува редовни директни средби со здруженијата на граѓани за да се најдат најдобрите начини да се унапреди квалитетот на здравствени услуги согласно потребите на самите пациенти и осигуреници.

Со почит,
ФЗОМ